Постапувајќи по претставката за заштита од дискриминација бр. 08-310/1 од 12.3.2024 година, поднесена од Александар Ристески, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација го донесе следниот

**ЗАКЛУЧОК**

**за неповедување на постапка за заштита од дискриминација поради ненадлежност**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA e MAQEDONISË SË VERIUT
КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
Бр.-Nr. 08-310/2
13-05-2024 20 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

**Образложение**

На 12.3.2024 година, до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација беше доставена претставка за заштита од дискриминација од [redacted] за извршена дискриминација во областа на членување и дејствување во синдикални, политички партии, здруженија на граѓани и фондации или други организации засновани на членство, против [redacted], вработени во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Подносителот наведува дека ја поднесува предметната претставка за заштита од дискриминација за сторено кривично дело: злоупотреба на службената положба и овластување, поради пречекорување на границите на службените овластувања и поради неизвршување на службената должност, со што наведува дека нему и на други лица потешко им е повредено правото и слободата на здружување, при што подносителот се повикува на член 353 став 1 од Кривичниот законик во однос на наводите за сторено кривично дело, како и дополнително на член 20 од Уставот на Република Северна Македонија во однос на гаранциите на слободата на здружување.

Согласно наводите од претставката, подносителот покренал постапка за упис на основање на Здружение на адвокати – Скопје, при што на 26.2.2024 година со Известување деловоден број [redacted] бил задолжен да отстрани 3 недостатоци во поднесената пријава, кои се состојат од доуредување на назив и скратен назив на здружението, уредно наведување на целите на здружението и уредно пополнување на приоритетната дејност на здружението со упатство да биде заведено како 94.99 – Дејности на други организации врз база на зачленување, неспомнати на друго место. Во однос на предметното известување, подносителот на претставката за заштита од дискриминација наведува дека наведените недостатоци се наводни и непостоечки, при што тврди дека истите се привид и измислица на вработените службеници во Централниот регистар на Република Северна Македонија.

Оттука, подносителот на претставката бара Комисијата за спречување и заштита од дискриминација да иницира соодветни прекршочни, кривични и дисциплински постапки против лицата вработени во Централниот регистар на РСМ против кои е поднесена самата претставка за заштита од дискриминација, со тоа што тврди дека наведените лица извршиле дискриминација врз основ на професија и занимање.

При разгледување на претставката, согласно наводите и барањата од истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека се работи за прашања кои не спаѓаат во нејзина надлежност. Имено, согласно член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, Комисијата нема надлежност да постапува во конкретниот случај, каде во претставката за заштита од дискриминација се истакнати наводи за сторено кривично дело –

злоупотреба на службената положба и овластување, при што од наводите во претставката утврди дека тврдењето за сторена дискриминација не е сторено веројатно.

Во оваа насока, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација посочува дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која е содржана во **член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација** (Сл.весник на РСМ бр.258/20), која гласи: *дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство* ***што се заснова на дискриминаторска основа****, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група врз еднаква основа со други.*

Согласно горенаведеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација, согласно законските надлежности од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, одлучи како во диспозитивот и ја отфрли претставката поради ненадлежност.

13.5.2024 година

Комисија за спречување
и заштита од дискриминација

Претседател на Комисијата
Игор Јадровски

Доставено до:
[redacted]